

Среќен бев што дваесетина години бевме неразделни другари со кантавторот на македонската новосоздадена песна Јонче Христовски и редовни гости на нашите пријатели Гојко и Манојил Јаковлески, во ресторанот „Ново Скопје“, за Божиќ и Нова година.

Прославите останаа незаборавни. Редовно за Берлин патувавме со автомобил по 2.000 км, по снегови, магли, дождови, а деновите во германската метропола беа неповторливи. Иако физички повеќе од две децении не е меѓу нас, Јонче секогаш е со мене, со неговиот дух, со неговата песна, со неговиот хумор.

Патриотските песни што ги напиша и испеа се безвременски.

Деновиве еден оперски тенор од Токио со својата група на македонски јазик ја испеа песната „Едно име имаме“, неформалната химна на Македонците. На спортските натпревари патриотските песни на Јонче се химни: „Ој, Вардаре македонски“ на ФК Вардар од Скопје, „Македонско девојче китка шарена“ на женската македонска ракометна репрезентација, „Едно име имаме“ на машката. Нема веселба без: „Животе мој“, „Свирете ми чалгии“, „Ако умрам ил загинам“… „Инспирацијата, уметничкиот наплив, не знам кога ќе ми дојде, а најчесто пред зори. Несвесно пеам, а кога ќе се разбудам не знам што сум пеел. Купив касетофон и го чував под перница, кога ќе запеев во сон го вклучував касетофонот, а дента почнував со обработка и така создадов многу песни“, ми кажа тој еднаш.

Потсетувајќи се на нашето другарство, ми текнува на некои од многубројните анегдоти што на поинаков начин го доловуваат ликот на неповторливиот Јонче, спој на големите руски поети Александар Пушкин, Владимир Мајакоски и Сергеј Есенин: разбранета коса, мустаќи за почит, вечна насмевка, палто префрлено преку рамо. Тој величествено го збогати нашиот македонски фолклор со незаборавни евергрини, преведени на многу јазици, чест што им припаѓа само на вистинските уметници. Тој покажа како се сака и како треба да се бори за татковината.

Со своите стихови раскажа цела епопеја. Остави аманет што треба да се исполни. На почетокот на осумдесеттите години во кафеаната „Починка“ го чекав да ја земе грчката виза за да одиме на викенд во Солун. Дојде полунасмеан, полунамрштен, кисел, сепак по малку расположено ми вели: „Кипро, нарачај две скопски да си ја разладиме душата и да ја истераме македонската неправда што ни ја прави јужниот сосед.

**Само што се појавив на шалтерот да го земам пасошот, службеникот ме погледна и ми вели: Ти си Јонче Христовски, ти ја пееш 'Ој, Вардаре македонски од извора дур до Солуна…' Да, му одговорам, а тој иронично ми одговара: За тебе нема виза, ти си против Грција. Благодарам, не ви ја сакам визата, ниту Грција, моите очи нема да ја видат, си излегов."**

Неколку дена по паѓањето на Берлинскиот ѕид во 1989 година, со мојот „голф", преку преминот Под Корен, на југословенско-австриската граница, како и секогаш, се упативме кон Германија, до Хоф. Невиден сообраќаен метеж, колона од „трабанти" и „варбурци", непрегледна со десетици километри. Возилата едвај се движат со 20 км на час, повремено колоната застанува. Ноќта ја минавме на автопат.

Утрото, кога работниците одеа на работа, уморни влеговме во Берлин. Јонче ме теши и ми вели: „Кипро, ако се движиме со брзина на желка, кога-тогаш ќе стигнеме, не дај боже да стоиме во место, Берлин никогаш нема да го видиме." Во право беше, шестотините километри од Хоф до Берлин, наместо за шест, ги поминавме за 15 часа!

Низ берлинските улици ја немаше живоста на која сме навикнале, како во деновите пред Божиќ и Нова година. Како да имало катастрофа, нема луѓе, нема движење, сè е застанато. Влегуваме во голем и среден ресторан, внатре само келнерите и газдата. Јонче побара дозвола да свири на клавирот. Почна да свири руски романси, целиот во транс, пот му тече од сите страни. Ресторанот почна да се полни, Јонче ништо не забележа, беше занесен. Кога го заврши ненајавениот концерт, стана, се поклони, гостите го наградија со огромен аплауз. На бис исполни неколку македонски патриотски песни од неговиот репертоар, повторно аплаузи. Газдата на ресторанот дојде да му честита и да го праша колку да му плати и да склучи договор за настап во наредните месеци…

Убаво се сеќавам, беше 7 март 1997 година, во куќата на Јонче Христовски, во населбата Козле, заедно со Мате Груевски, музички уредник на народна музика на Радио Скопје, го слушаме пладневниот весник на Радио Скопје. Спикерката го чита соопштението на Народната банка на Македонија за аферата на штедилницата „ТАТ" од Битола, најголемата пирамидална измама.

„Пиво Кипро, чести Мате, му спасив десет илјади германски марки“, ми нуди Јонче. Го прашувам како. Раскажува: „Вчера дојде Мате кај мене и ми вели, ајде Јонче да одиме во штедилницата, да отвориме девизни штедни книшки и да ги внесеме заштедите на германски марки. Соња газдарицата давала големи камати. Го послушав, стигнавме на шалтерот, госпоѓата ме познаваше, излезе и ме праша што треба да ме услужи. Откако ѝ кажав дека сакаме да отвориме девизни штедни книшки, кратко ми рече: Одете си, часовите ни се избројани кога ќе прогласат пропаѓање на штедилницата.“

***Превземено од: Нова Македонија***